АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



Јуни, 2020г. Бр.6

## Родот во програмите за деца во фокусот на јавниот состанок на АВМУ




Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30 јуни одржа јавен состанок, кој поради актуелната состојба со корона вирусот Ковид-19, се реализираше преку видео конференциска врска. На состанокот, директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, направи пресек на многубројните реализирани активности согласно Годишната програма за работа во изминатите шест месеци.

Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со мониторингот на изборниот процес за Предвремените парламентарни избори, спроведените надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, издавачите на печатени медиуми, изречените мерки јавна опомена, изработените анализи и студии, активностите на полето на меѓународната соработка.

При презентација на клучните наоди од анализата за родот во медиумите во 2019 година, во која за првпат во државава се прави квантитативна и квалитативна анализа на третманот на родот во емисиите за деца, авторот посочи дека Јавниот сервис води планирана и осмислена програмска политика во однос на детската популација, но оваа констатација многу повеќе важи за МРТ1, отколку за МРТ2 – Програма на албански јазик, зашто на овој сервис програмата за деца само делумно го има потребниот вариетет. Во однос на програмите на приватните терестријални телевизии на државно ниво, наодите покажуваат дека не постои осмислен или внимателен уредувачки пристап во изборот на емисии наменети за различни возрасни сегменти на малолетната публика, при што има многу помалку емисии за деца отколку кај Јавниот сервис. Најмногу емисии за деца се емитувани на ТВ Сител, следува ТВ Канал 5, на ТВ Телма емитувани се само неколку изданија на една емисија, што во извесна мера важи и за ТВ Алсат М, а ТВ Алфа во анализираниот месец воопшто нема емитувано емисии за деца.

Анализата која за потребите на Агенцијата ја изработи истражувачка агенција, нуди и препораки за Јавниот сервис и за приватните телевизии. Анализата е веќе објавена на веб страницата www.avmu.mk, во посебниот банер „Родот и медиумите", а во наредниот период во форма на публикација ќе биде испечатена на македонски, албански и англиски јазик.

## Соопштенија за јавност

Агенцијата во два наврати, на 25 и на 30 јуни ги информираше медиумите дека одредени телевизии емитуваат платено политичко рекламирање (ППР) во кое има малолетници, што е спротивно на член 76 став 3 од Изборниот законик. Имајќи предвид дека радиодифузерите се одговорни за законитоста на содржините кои ги емитуваат, Агенцијата на 30 јуни предупреди дека, од наредниот ден секое емитување на ППР во кое има малолетници ќе биде предмет на прекршочна постапка. За да се избегнат ваквите случаи, беше апелирано радиодифузерите внимателно да ги прегледуваат сите содржини, а оние кои не се во согласност со Изборниот законик и ЗААВМУ да одбијат да ги емитуваат.

На 21 јуни Агенцијата најостро ги отфрли обвинувањата дадени во изјавата на портпаролката на СДСМ, дека Агенцијата ја става партијата ВМРО-ДПМНЕ во повластена положба и дека на Движењето БЕСА му се нанесува штета. Движењето Беса, според листите на кандидати потврдени од ДИК е дел од Коалицијата Можеме и според тоа може да добие минути за ППР исклучиво во рамките на минутите доделени за оваа коалиција. Воедно беше апелирано, во иднина, политичките партии, наместо вградување свои решенија, креирањето на изборната легислатива да го оставаат на професионалците, бидејќи легислативата е еден од најзначајните предуслови за спроведување демократски избори.

Во врска со објавата на Движењето Беса преку Фејсбук статус дека е поднесена кривична пријава против Агенцијата и претседателот на Советот на Агенцијата заради „*пречекорување на овластувањата и злоупотреба на службената должност, сакајќи да им му наштети на Движењето БЕСА*", на 18 јуни Агенцијата ја извести јавноста, а на Беса и укажа дека во Изборниот законик е точно утврдено дека право на изборна кампања имаат само учесниците во изборната кампања, а тоа се листи на кандидати за избор на пратеници кои се потврдени од ДИК. Во соопштението беше посочено дека изјавите за поднесена кривична пријава не може да сфатат никако поинаку освен како обид за притисок врз Агенцијата.

На 8 јуни, поради појавата на непроверени и нецелосни информации поврзани со бројот на заболени од COVID-19 во државава, Агенцијата потсети дека во ваква ситуација точното и навремено информирање на граѓаните е врвен приоритет и од суштинско значење за јавниот интерес, како и дека е забележана практика надлежни здравствени институции да фаворизираат одредени медиуми и тие први да ги добиваат информациите поврзани со коронавирусот. Агенцијата повторно апелираше надлежните органи да дистрибуираат целосни информации до сите медиуми истовремено и на сите да им овозможат еднаков пристап до нив, а медиумите при своето работење да се водат од професионалните новинарски стандарди и принципи, а не од принципот на ексклузивитет.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

На 8 јуни Агенцијата објави дека е добиена реакција од ТВ 21-М за обвинувањата од лидерот на политичката партија Алијанса на Албанците дека телевизијата преку емисијата „ЕУ Клик“ користи ЕУ фондови за промоција на кампањата на ДУИ. Во својата реакција, ТВ 21-М наведе дека емисијата не се користи за предизборни кампањи и дека гостите во емисијата, чиј состав е разнолик, се повикувани во зависност од темите што се обработуваат. Агенцијата посочи дека со мониторинзите за начинот на известување на радиодифузерите и застапеноста на политичкиот плурализам, не се забележани неправилности во однос на ТВ 21-М. Во соопштението беше посочено дека известувањето на медиумите може да се оценува само врз основа на мониторинг, спроведен според научно утврдена методологија, а не врз личен впечаток или интереси.

## Објавен извештај за медиумската сопственост на радиодифузерите и издавачите на печатени медиуми

На 30 јуни, Агенцијата објави извештај со податоци за сопствениците на радиодифузерите и на издавачите на печатените медиуми во јуни 2020 година. За да се обезбеди целосна транспарентност на сопственоста на медиумите, Агенцијата ги обезбеди и податоците за сопствениците на правните лица кои поседуваат удели во сопственоста на радиодифузерите или на издавачите на печатени медиуми.

Извештајот се состои од два дела. Првиот дел се однесува на радиодифузерите, а во него, во засебни глави, се содржани податоците за сопствениците на телевизиите и на радијата, како и за интеграцијата на капиталот кај радиодифузерите во јуни 2020 година. Во овој дел, исто така, е даден опис на промените во сопственоста на радиодифузерите во 2019 година, а опфатени се и активностите коишто Агенцијата ги презеде во 2019 година во насока на утврдување недозволена медиумска концентрација и во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитување на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост. Во вториот дел од Извештајот, се прикажани податоците за сопственоста на издавачите на печатени медиуми.

Извештајот за медиумската сопственост на радиодифузерите и издавачите на печатени медиуми е објавен на веб страницата www.avmu.mk

## Донесени две упатства и еден правилник за измена на правилник за работењето на операторите на ЈЕКМ

По претходно спроведена јавна расправа, на 21-та седница, одржана на 4 јуни Советот на Агенцијата донесе три подзаконски акти, кои се однесуваат на работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи:

- Упатство за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на Р.С. Македонија, со прилог образец;
- Упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од друга држава; и
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година, со четири прилози кон правилникот.

Подзаконските акти се објавени на веб страницата www.avmu.mk

## Усвоена Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување и две Упатства поврзани со ППР

На 22-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 15 јуни усвоени се три подзаконски акти коишто се однесуваат на изборното медиумско претставување на радиодифузерите, и тоа: Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси; Упатство за лимитите за платено политичко рекламирање за изборите во 2020 година; и Упатство за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање.

Пред да бидат усвоени подзаконските акти, беше отворена јавна расправа на која беа повикани сите заинтересирани страни да доставaт забелешки, мислења и предлози.

Поради двете уредби со законска сила на Владата, едната од 15 јуни, а другата од 22 јуни, со кои беа направени промени на одредбата од Изборниот законик која се однесува на лимитите за платено политичко рекламирање кај радиодифузерите и нивната дистрибуција меѓу учесниците во изборниот процес, Агенцијата беше принудена двапати да го менува Упатството за лимитите за платено политичко рекламирање. Последната измена беше на 24 јуни, првиот ден од изборната кампања.



*NEWSLETTER*

## Надзори врз радодифузери, ОЈЕКМ, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и печатени медиуми

### Радиодифузери

Редовен програмски надзор за обврската на телевизиските програмски сервиси на државно ниво, од својот буџет да одвојат најмалку 10% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, при што половина од истите да бидат произведени во последните пет години, и за обврската да обезбедат најмалку 51%, а МРТ 1 најмалку 60% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела, беше извршен врз 11 програмски сервиси (ТВ 24 Вести, Алфа ТВ, ТВ Алсат-М, ТВ КОМПАНИ 21-М, МРТ 1, Наша ТВ, ТВ Телма, ТВ Шења, ТВ Канал 5, ТВ Сонце и ТВ Сител). При надзорот не се констатирани прекршувања.

За обврската на националните радиодифузери, дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма, за правилата за употреба на јазикот во програмата и за емитување најмалку 30% изворно создадена програма, од кои најмалку половина во период од 07:00 до 19:00 часот, редовен програмски надзор е извршен врз ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ 24 Вести, Наша ТВ  и ТВ Телма. Надзорот покажа дека на програмата на ТВ Алфа емитувана на 10 јуни 2020 година, за време на вториот дел од емисијата „Добар ден секој ден“ во кој преку видео повик гостуваат различни личности од Србија, не е обезбеден превод на македонски јазик. Кај останатите телевизии не се утврдени прекршувања.

Врз ТВ 24 Вести и Наша ТВ, извршен е редовен програмски и административен надзори за обврските за објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни на корисниците, идентификација на радиодифузерот, за обврските за заштита на малолетната публика, правилата за емитување комерцијални комуникации, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, правилата за емитување игри на среќа и употребата на јазикот во програмите и за обврските при обезбедување квизови или други облици на наградно учество. При надзорите не се констатирани прекршувања.

За да се утврди дали е постапено по изречените мерки јавна опомена, упатени заради недоставување податоци за сопственичка структура, уредништво, извори на финансирање во 2019 година, остварени вкупни приходи и расходи од обезбедување на дејноста, податоци за просечната гледаност и слушаност во претходната година, како и заради необјавување на сопствената програма податоци за сопственичка структура, уредништво, извори на финансирање и недоставување на снимката од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето, контролен административен надзор е извршен врз ТВ ИРИС од Штип. Надзорот покажа дека е постапено согласно одредбите од Законот за медиуми. Контролен програмски надзор е извршен и врз ТВ Телма и ТВ Сител, за да се утврди дали е постапено по мерките јавна опомена, упатени заради непочитување на обврските за заштита на малолетната публика. Надзорот покажа дека е постапено согласно одредбите од Законот за медиуми.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

За обврските коишто се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат операторите, извршен е редовен програмски надзор врз операторите ТЕЛЕНЕТ КОМ, МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л, ОВЕР ТХЕ ТОП, ТОТАЛ ТВ, А1 МАКЕДОНИЈА, СИГНАЛ-НЕТ, СПАЈДЕР НЕТ, ВИВА НЕТ, ВИНСАТ КАБЕЛ, КАБЕЛ, КАБЛЕКАЛЛ, СКРЕМБЛ, ДРИМ САТ ИПТВ, КДС-ВТ, НАФИ И БЕКО, НЕОТЕЛ и ПЕТ НЕТ. При надзорот е констатирано, дека кабелскиот оператор ПЕТ НЕТ од Гевгелија, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис Алфа ТВ, додека Дрим Сат ИПТВ го реемитува програмскиот сервис Канал 5, кои не се опфатени со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од Агенцијата. За утврденото непочитување им се изречени мерки јавна опомена.

### Давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

Редовен програмски надзор за почитување на обврските за кинематографски дела, заштита на малолетни лица и промоција на производство и пристап до европски дела кои произлегуваат од ЗААВМУ, извршен е врз давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање Македонски Телеком. При надзорот не се констатирани прекршувања.

### Печатени медиуми

Агенцијата спроведе редовен административен надзор врз 17 издавачи на печатени медиуми, со цел да констатира дали истите објавиле податоци за назив и адреса на седиштето и уредништвото на печатениот медиум, податоци за одговорното лице, уредниците, печатницата, датум на печатење или препечатување и број на печатени примероци, согласно обврската од Законот за медиуми. Со надзорот е констатирано дека печатените медиуми опфатени со надзорот ја исполниле оваа обврска.



*NEWSLETTER*

## Јавни опомени за радиодифузери, ОЈЕКМ и издавач на печатен медиум

Советот на Агенцијата на 23-та седница одржана на 19 јуни 2020 година, за Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија, производство и услуги Капитал Медиа Груп од Скопје издавач на магазинот Капитал, донесе Решение за преземање мерка јавна опомена. Мерката јавна опомена беше изречена заради необјавување во дневен весник податоци за сопственичка структура и недоставување на исечок од објавата во Агенцијата. На издавачот Капитал Медиа Груп му е даден временски рок од 45 дена за усогласување на своето работење со Законот за медиуми.

На истата седница, Советот на Агенцијата за операторите Пет Нет од Гевгелија и Дрим Сат ИПТВ од с.Чегране Гостивар, донесе Решенија за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси. Мерка јавна опомена на ПЕТ НЕТ од Гевгелија и е изречена заради реемитување на програмскиот сервис Алфа ТВ, додека на кабелскиот оператор Дрим Сат од Гостивар заради реемитување на програмскиот сервис Канал 5, кои не се опфатени со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од Агенцијата. На двата оператора им е наложено да ги исклучат од реемитување спорните ТВ канали.

На 21-та седница одржана на 4 јуни, Советот на Агенцијата донесе три решенија за изрекување мерки јавна опомена, од кои две за ТВ Ирис и една за ТВ Сител. Едната мерка јавна опомена за ТВ Ирис беше изречена заради недоставување податоци за сопственичка структура, одговорен уредник/уредници, извори на финансирање во 2019 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедување на дејноста, како и за просечната гледаност и слушаност во претходната година. Втората мерка беше изречена заради необјавување на сопствената програма најдоцна до 31 март 2020 година, податоци за сопственичка структура, уредништво, извори на финансирање во претходната година и недоставување на снимката од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. На ТВ Сител мерката јавна опомена и беше изречена заради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика.